**Клуч од тестот за општинскиот натпревар по географија за IX (девето) одделение**

1. Од кое копно Азија е одделена со Беринговиот проток?

**Од копното на Северна Америка**

2. Преку кои територии Азија се доближува до Австралија?

**Преку островите на Индонезија**

3. Кои полуострови се издвојуваат во Источна Азија?

**Камчатка и Чукотскиот Полуостров**

4. Кои острови не припаѓаат во Источна Азија?

**Филипинските Острови**

5. Кои од наведените мориња се наоѓаат во Јужните делови на Азија?

**Јаванското, Сулавеското и Банданското Море**

6. Кои водени површини ги поврзува Сундскиот Проток?

**Индискиот Океан и Јаванското Море**

7. Кој морски проток/премин ги поврзува Жолтото Море и Јапонското Море?

**Корејскиот Премин**

8. Која низина се наоѓа во Југозападна Азија?

**Месопотамиската низина**

9. Кои планини од планинскиот систем на Азија се издвојуваат кон југоисток?

**Хиндукуш и Каракорум**

10. Каде се наоѓа пустината Руб ел Хали?

**Југозападна Азија**

11. Која природна целина во Азија се протега од Авганистан до Синајскиот Полуостров?

**Југозападна Азија**

12. Кој климатски појас го зафаќа јужниот дел на Азија?

**Монсунскиот климатски појас**

13. Кои ветрови во Азија се топли и влажни и носат големи количества врнежи до Хималаите?

**Летните монсуни**

14. Во кој дел од Азија годишната количина на врнежи просечно изнесува од 200 до 500мм/м2?

**Централна Азија**

15. Која климатско-вегетациска област е распространета во Јужна и Југоисточна Азија?

**Тропските дождовни шуми**

16. Каква вегетација е застапена на просторот на Месопотамија?

**Степска тревна вегетација**

17. За кој простор е карактеристична зимзелената шумска вегетација?

**Северна Азија, Сибир**

18. Каде се влеваат реките Аму Дарја и Сир Дарја?

**Аралско Езеро**

19. Кои реки припаѓаат на Арктичкото сливно подрачје?

**Долна Тунгуска, Лена и Индигирка**

20. Кои реки припаѓаат на внатрешниот слив на Азија?

**Аму Дарја, Сир Дарја и Тарим**

21. Кои држави излегуваат на брегот на Каспиското Езро?

**Русија, Казахстан, Туркменистан, Иран и Азербејџан**

22. Кое езеро во Азија зафаќа површина од 31.500км2?

**Бајкалско Езеро**

23. Кое природно богатство на Азија најмногу е распространето во северните делови на Сибир и Западносибирската низина?

**Земјениот гас**

24. Во која група на народи припаѓа населението од Југоисточна Азија?

**Малајска група на народи**

25. На која религија припаѓа населението од Централна Азија?

**Исламска вероисповест**

26. Во кој дел од Азија е застапена религијата Хиндуизам?

**Јужна Азија, на Индискиот Потконтинент**

27. Во кој дел на Азаија се зборува на малајски јазик?

**Индонезија**

28. Во која Азиска држава се наоѓа хиндуистичкиот храм Ангкор Ват?

**Камбоџа**

29. Во која држава во Азија е познат кастинскиот начин на живеење?

**Индија**

30. Во која регионална целина се вбројуваат териториите што спаѓаат во сливот на Тихиот Океан?

**Источна Азија**

31. Во која регионална целина спаѓаат островите: Борнео, Јава, Суматра, Сулавеси?

**Југоисточна Азија**

32. Колку проценти од населението во Индија се муслимани?

**12%**

33. Колкава должина изнесува бреговата линија на Кина?

**Околу 14.500км**

34. Која висорамнина се наоѓа на северниот дел во Кина?

**Монголската Висорамнина**

35. Кое езеро во Кина се наоѓа во пустината Такла Макан?

**Езерото Лоб Нор**

36. Кој речен слив опфаќа 64% од територијата на Кина?

**Сливот на Тихиот Океан**

37. Колку проценти од населението во Кина го сочинуваат Кинези?

**Над 95%**

38. Кое земјоделско производство е најмногу развиено во долините на големите реки Хуанг Хе и Чанг Џијанг?

**Производство на ориз**

39. Кои се најважните риболовни подрачја во Кина?

**Жолтото, Источнокинеското и Јужнокинеското Море**

40. Во кој дел на Кина е најгуста сообраќајната мрежа?

**Источниот дел**